Б. ПАНОВ

# БРЕГАЛНИЧКАТА МИСИЈА НА КОНСТАНТИН ФИЛОЗОФ—КИРИЛ

Брегалничкиот крај со своите многубројни културно-историски споменици, како и со големиот број запишани и незапишани преданија, уште од првата половина на XIX век привлекувал голем број научници — патописци. Вниманието на овие научници главно било свртено кон тоа да се пронајде средновековна Баргала—Брегалница, прочуената од IX век Брегалничка епископија, во која за прв пат бил воведен, според известувањето од Теофилакт Охридски, словенски свештенички кадар[1], а особено да се дознае нешто повеќе за најраната дејност на солунските браќа Константин—Кирил и Методија.

Водејќи се од запишаните извори, како и од дотогашните научни сознанија, познатиот руски славист Виктор Григорович во 1845 година го посетил, покрај другите градови и села во Македонија, и брегалничкиот крај. Меѓутоа, како што самиот известува не дошол до некои особени откритија, освен што дознал дека тука се извршувало некакво „словенско учење"[2].

Иако Виктор Григорович не се вратил во својата земја со богати откритија за дејноста на Константин—Кирил по Брегалница, сепак интересот на руските и другите европски научници за брегалничкиот крај не спласнувал.

Во научниот свет особено актуелен станал брегалничкиот крај кога 1856 година Јордан Хаџи Константинов-Џинот во „Гласник Друштва србске словесности" ја објавил т. н. „Солунска легенда"[3]. Иако доста легендарни, податоците од оваа легенда станале предмет на сестрани научни проучувања[4]. Имено, во „Солунската легенда" се вели

---

[1] Theophylacti archiepiscopi bulgari, Martyrium ss. quidecem illustrium martyrum qui imparanti imperio Juliano Apostata Tiberiopoli, qua Strumitza bulgarice dicitur, passi sunt. Ed. J. P. Migne, Patrologiae curcus completus. Series Graeca, t. 126. Paris 1864, col. 208, D.

[2] В. Григорович, Очеркъ путешествия по европейской Турции. Казанъ 1848, стр. 141.

[3] Кн. VIII, 1856, стр. 146—147. За ракописите и изданијата на ова легенда види: Б. С. Ангелов, Из старата българска, руска и сръбска литература, кн. II. София 1967, стр. 44—66.

[4] Сп.: Б. С. Ангелов, Из старата българска, руска и сръбска литература, кн. II, стр. 50 сл.

дека Константин Филозоф дејствувал меѓу Словените на Брегалница, и тоа во градот Равен. Притоа не само што ги покрстувал непокрстените Словени туку и им напишал и 35 букви[5].

Само една година по објавувањето на „Солунската легенда", рускиот научник А. Гилфердинг за време на својата посета на Балканот го пронашол, односно го добил како подарок од призренскиот митрополит Мелетија „Краткото Кирилово житие", наречено уште „Успение Кирилово" и веднаш го објавил[6]. Со објавувањето на ова житие А. Гилфердинг многу придонел да се потврдат податоците од „Солунската легенда" за дејноста на Константин Филозоф меѓу Словените по Брегалница. Имено, во „Краткото Кирилово житие" за чиј автор во последно време се застапува Емил Георгиев дека бил Климент Охридски[7], се вели дека Константин Филозоф по одржаната верска победа над патријархот Ание, т.е. Јоан VII Граматик (832—842) отишол на Брегалница, каде покрстил 4050 (според други ракописи 54000) непокрстени Словени, и дека тогаш тој напишал за овие Словени „книги на словенски јазик"[8].

Прв од научниците кој ги проучил податоците од „Солунската легенда" и се изјаснил дека таа претставува драгоцен извор за осветлување дејноста на Кирил меѓу Словените во Македонија, бил познатиот руски академик А. Куник. Уште во 1864 година тој дошол до заклучок, дека околу 855 година било создадено словенското писмо од Кирила и бил започнат преводот на богослужбените книги на јазикот на македонските Словени. Во врска со тоа прецизирал дека „првото место на апостолското служење на Св. Кирил меѓу Словените било на оддалеченост само неколку дена пат од Солун, во областа по реката Брегалница (Βραγαλνίτζα), која се вливала во Вардар ('Αξιός)"[9]. Притоа како забелешка Куник навел: „Первоначалное назначение славянского писма имено для славян на Брегалнице, может бит, удивит знатоков дела своею смелостю; но я смело уверят, что етот факт основается на славянских и греческих источников, которые пополняют и потверждают друг друга. Город Равен на Брегалнице, где Кирилл в первый раз является проповедником около 855 г., эст ли тоже самое, что епархалный город Брегалница, которому позднее Борис-Михаил оказывал такое уважение, тепар пока еще нельзя решит. По уверение одного греческого монаха, около 1750 г. существовала еще деревня Брегалница"[10].

---

[5] А. Теодоровъ—Баланъ, Кирилъ и Методи, II. София 1934, стр. 111.

[6] За ракописите и изданијата на Краткото житие на Кирил види: Б. С. Ангелов Из старата българска, руска и сръбска литература, кн. I. София 1958, стр. 36—44.

[7] Е. Георгиев, Делото на Кирил и Методий — принос на българския народ в общославянското и общоевропейското историческо развитие. Исторически преглед, г. XXV, кн. 4. София 1969, стр. 6—11; од истиот, Родината на Кирило-Методиевото дело. Сборник „Константин—Кирил Философ". София 1969, стр. 31—43.

[8] А. Теодоровъ — Баланъ, Кирилъ и Методи, II, стр. 116; сп. и Й. Ивановъ, Български старини изъ Македония. София 1931, стр. 285.

[9] А. Куникъ, О материалахъ для истории Болгарской церкви. Записки Императорской Академии Наукъ, т. V. кн. 2. С. — Петербургъ 1864, стр. 254.

[10] Исто, стр. 254, бел. 255.

Само неколку години по објавувањето на Краткото Кирилово житие А. Гилфердинг објавил една статија во која доста уверено вели дека создавањето на словенското писмо било извршено 855 година во Македонија и „что там Кирилл предпринял перевод Священого Писания, для просвещения славян въ своей родине, уже частию крещеных; указивается даже место, где Кирилл положил начало этому делу, имено Брегалница, край в Македонии, в котором протекает река, носящая и до ныне это имя... Брегалница находится имено в той (северо-восточной) части Македонии, которая по преимуществу называлас Византийцами Славинией, и эта-то страна находилас въ то время под управлением Мефодия"[11]. По споредувањето на податоците од Краткото Кирилово житие со оние од Црноризец Храбар, како и по изучувањето на јазикот на македонските Словени се доаѓа до заклучок — вели Гилфердинг — дека „Македония была родиною Славянских писмен и Славянского перевода Священих книг", т.е. дека горниве податоци „указивают на Македонию, как на родину Славянской писмености, на Македонских славян, как на то племя, для которого Кирилл первоначално предназначил свои труды"[12].

Истата година кога Гилфердинг го објавил својот труд, објавил свој труд и М. Погодин. И овој познат руски научник, врз база на податоците од „Успение Кирилово", утврдил дека својата прва дејност како мисионер Кирил ја извршил по Брегалница: „По одержании победи над патриархом Јоаном, следователно в первый период действия" Кирил отишол на Брегалница[13]. Врз основа на тоа тој заклучил дека „началное торжественое употребление славянских книг было в Брегалницѣ, в Македония", т.е. дека „словенската богослужба (литургијата) започнала да се распространува од 855—862 г. пред сè меѓу грчките, а после и меѓу бугарските Словени"[14].

Во 1871 година и В. Билбасов, големиот познавач на делото на Кирил и Методија, дошол до сознание дека на Брегалница Константин—Кирил извршил најважна дејност како мисионер. „Во тоа време — вели тој — се однесува првата христијанска проповед на Константина меѓу Словените"[15]. Билбасов го поставил и прашањето: „Во первоначалной редакции пространого жития св. Константина находилос ли известие о его первой мисионерской деятелности на Брегалнице и не было ли оно в позднейшей редакции уничтожено следствие каких либо нам неизвестных соображений?"[16].

[11] А. Гильфердингъ, О Кирилле и Мефодие и тысячелетней ихъ годовщине. Кирилло-Мефодиевский сборник. Москва 1865, стр. 150.

[12] Исто, 150—152.

[13] М. П. Погодинъ, Въ память о Св. Кириллѣ и Мефодиѣ. „Кирилло—Мефодиевский сборник". Москва 1865, стр. 111.

[14] Исто, 112, 114.

[15] В. А. Бильбасовъ, Кирилл и Мефодий по западнымъ легендамъ ч. 2. С. — Петербургъ 1871, стр. 150.

[16] Исто стр. 6.

За разлика од мислењата на споменативе научници, друга група научници, предводени од А. Воронов и Ив. Малишевски[17], се обиделе да ги отфрлат податоците од Краткото Кирилово житие и „Солунската легенда", но притоа не нашле голема поддршка во научниот свет. Исто така не било прифатено гледиштето и на П. Успенски и Ј. Иванов[18], кои се изјасниле, врз основа на податоците од „Солунската легенда", дека на Брегалница не дејствувал Константин Филозоф-Кирил, туку тоа бил Кирил Кападокиски, чијашто дејност се одвивала во VII в.

Дека Константин Филозоф по одржаната победа над патријархот Јоан Граматик „начал свою миссионерскую деятелност между Славянами в Брегалнице" во 1885 година се изјаснил и Ј. Елпидински[19]. Истата година и О. Перфолф се изјаснил дека Кирил го распространувал христијанството „в македонско-славянской Брегалнице"[20]. Со извесна доверба 1901 година погледнал на податоците од Краткото Кирилово житие и А. Петрушевич. Податоците дека Константин Филозоф покрстил во Горна Македонија 54000 Словени и дека за нив напишал „книги на словенски јазик" го натерале да си го постави и прашањето: дали светите првоучители имале уште тука „готовыя письмена, которыми они и воспользовалис при составлении богослужбеных книг для них?"[21]. Подоцна, во 1913 година, и Н. Туницки се искажал дека по победата над патријархот Јоан, Кирил отишол на Брегалница и тука покрстил 4050 Словени. Овие податоци од „Успение Кирилово" — вели тој — „заслуживаетъ полного внимания къ себѣ. Очень возможно, что и сообщение о дѣятельности Кирилла въ Брѣгалницѣ соотвѣтствуетъ факту дѣйствительного ранняго распространения здѣсь славянской грамоты"[22]. Истата година и Д. Чуповски се изјаснил дека Константин Филозоф „по завршувањето на учењето" во Цариград заминал „на бреговите на Брегалница, каде што нашол извесен број јазичници и благодарејќи на својот неуморен труд покрстил таму, според пишувањето на хроничарот, 4050 Словени". Уште „додека биле во Македонија — вели Чуповски — светите браќа составиле азбука и со нејзина помош го превеле Евангелието и богослужбените книги на словенско-македонски јазик"[23].

---

[17] А. Воронов, Главнейшие источники для истории Свв. Кирилла и Мефодия. Киев 1877, стр. 196—197, 201—202, 235 и сл.; Ив. Малышевскийъ, Святие Кириллъ и Мефодий, первоучители славянские. Киевъ 1886, стр. 109 и бел.

[18] Й. Ивановъ, Сѣверна Македония. София 1906, стр. 65—72 .

[19] Я. Елпидинский, Кириллъ и Мефодий, просветители славян. Петрозаводскъ 1885, стр. 4.

[20] О. О. Перфольф, Славянский языкъ и его судьбы у народов славянскихъ. „Мефодиевский юбилейный сборникъ", Изд. Импер. Варш. Университета къ 6 апрѣля 1885, стр. 119.

[21] А. С. Петрушевичъ, Кирилица и глаголица. Научно-литературный сборникъ. Изд. „Галицко-русской матици", г. I, кн. 1. Львовъ 1901, стр. 4.

[22] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский. Его жизнь и просвѣтительная дѣятельность. Сергиевъ Посадъ 1913, стр. 230—232.

[23] Д. Чуповски, Македонија и Македонците. „Македонски глас (Македонский голос)". Орган на приврзаниците на независна Македонија 1913—1914. Изд. на Институтот за национална историја. Скопје 1968, стр. 41.

Во попово време и К. Куев го прифатил гледиштето, дека „Кирил работел по р. Брегалница кај Словените и таму им напишал книгы слѡвѣнскым ѩзыкомь. Така, како резултат на мисионерската дејност на Кирил и Методија и на нивниот допир со словенскиот елемент во Византиската империја — вели тој — кај нив се зародила идејата за преведување на светото писмо на словенски, за поставување основите на словенската писменост".[24]) Дека во почетокот на 50-те години Константин Филозоф заминал за Брегалница и дека тука освен што се занимавал со покрстување, „ја започнал својата работа над создавањето на словенската азбука", се изјаснил и советскиот научник В. Истрин[25].

Во последните децении Емил Георгиев, секако, направи голем чекор напред во разјаснувањето на најраната дејност на Константин-Кирил и Методија[26]. Во последните години тој доста внимание обрна и на дејноста на Константин Филозоф меѓу Словените на Брегалница. Со право тој ја поврзува оваа дејност на Кирила по Брегалница дека се совпаѓа со создавањето на словенската азбука, која, според Црноризец Храбар, била составена 855 година[27]. За жал, Е. Георгиев не е во право кога вели дека Брегалничката област за време на дејствувањето на Кирил се наоѓала веќе под власта на Бугарите[28].

*
* *

За да се сфати суштината на брегалничката мисија на Константин Филозоф, потребно е истата да се поврзе со управничката дејност на брат му Методија меѓу Словените во Македонија, зашто временски тие не само што се совпаѓаат туку имаат и заедничка цел: придобивање на македонските Словени за Византија, во борбата против бугарските завладувања во Македонија. Така поставено, се разоткрива појасно и карактерот на дејноста на Кирил и Методија во Македонија[29]. А. Гилфердинг, И. Бељаев, Ф. Шишиќ, Љ. Јурковиќ и Х. Поленаковиќ[30], иако добро уочиле дека „словенското кнежевство" на Методија се наоѓало во стру-

---

[24] К. М. Куев, Към въпроса за началото на славянската писменост. Годишник на софийския университет, Филологически факултет, г. 1959/60. София 1960, стр. 102 и сл

[25] В. А. Истрин, 1100 лет славянской азбуки. Москва 1963, стр. 16.

[26] Сп. Е. Георгиев, Кирил и Методий, основоположници на славянските литератури. София 1956, стр. 45—47, 96—100 и сл. од истиот: Разцветът на българската литература в IX—X век. София 1962, стр. 50 и сл.

[27] Е. Георгиев, Делото на Кирил и Методий. . ., стр. 8—14 од истиот, Родината на Кирило-Методиевото дело, стр. 39—43.

[28] Е. Георгиев, Делото на Кирил и Методий. . ., стр. 10; од истиот, Родината на Кирило-Методиевото дело, стр. 40.

[29] Сп.: Б. Панов, Карактерот на дејноста на браќата Кирил и Методија во Македонија. Просветно дело, г. XIX, бр. 7—8. Скопје 1963, стр. 375—388.

[30] А. Гильфердинг, О Кирилле и Мефодие. . ., стр. 150; И. Беляевъ, Жизнь святых Кирилла и Мефодия, учителей славянских. Москва 1871, стр. 4; F. Šišić, Povijest Hrvata za vrijeme narodnih vladara. Zagreb 1925, str. 366, бел. 6. Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Философа—Ћирила, просветитеља Словена. Зборник за друштвене науке, Матица Српска, 13—14. Нови Сад 1956, стр. 30; Х. Поленаковиќ, За словенските просветители Кирил и Методија. Просветно дело, г. XXV, бр. 1—2. Скопје 1969, стр. 4.

мичко-брегалничките краишта[31], не навлегле во суштината на почетната дејност на Солунските браќа, зашто не ја поврзале со заострувањето на бугарско-византиските односи во средината на IX век.

Во првата половина на IX век, кога се родиле и изучиле Константин и Методија, мнозинството од македонските Словени продолжувале да живеат во рамките на своите полунезависни или независни кнежевства-„Склавинии"[32]. Византија, преку воени походи и колонизаторски мерки, не успеала да создаде тема на просторот меѓу Вардар и Струма, а што значи дека над тукашните Словени им немала наметнато трајна и стабилна власт[33].

Во крајот на 30-те години бугарскиот хан Пресијан (836—852) ги раскинал договорите со Византија, склучени од неговите претходници, и почнал да потчинува македонски области[34]. За да ги запре бугарските продори кон Солун, Византија почнала да води една поинаква политика спрема македонските Словени. Преку назначување на нивно чело словенски управници воспитани во византиски дух и давање разни привилегии на словенските предводници, сега таа се обидувала да ги придобие македонските Словени да дејствуваат и тие во заштита на нејзините погранични области од Бугарите[35]. Таквата византиска политика нашла одраз и во дејноста на браќата Константин—Кирил и Методија меѓу Словените во Македонија. Во „Склавинија", што ги опфаќала загрозените струмичко-брегалнички краишта, за словенски управител бил поставен во средината на 40-те години братот на Константин Методија. Податоците од Вистинската повест за Кирил и Методија јасно говорат дека Методија дејствувал во оние краишта што се граничеле со проширената бугарска држава[36]. Овие податоци се доста блиски до оние од Краткото Кирилово житие и „Солунската легенда", кои говорат дека по Брегалница дејствувал Константин Филозоф. Во право се А. Гилфердинг и Е. Георгиев, кога велат дека дејноста на Константин Филозоф по

---

[31] За тоа дека Методија бил кнез во тие краишта, види: Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век. Гласник на Институтот за национална историја, г. V, бр. 2. Скопје 1961, стр. 233 сл. од истиот, Карактерот на дејноста на браќата Кирил и Методија во Македонија, стр. 380 сл. од истиот Климент Охридски. Историја, г. III, бр. 1. Скопје 1967, стр. 34 сл.

[32] Сп.: Ив. Дуйчев, Славяни и първобългари. Известия на Института за българска история, 1—2. София 1951, стр. 208, 210 и сл.; Р. А. Наследова, Македонские славяне конца IX—начало X века по данным Йоанна Камениаты. Византийский временик, XI, 1956, стр. 86, 91 бел. 73 и сл.; Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област. . ., стр. 215—229; С. Лишев, За генезиса на феодализма в България. София 1963, стр. 119 и сл.

[33] Сп.: М. Рајковић, Облст Стримона и тема Стримон. Зборник радова Византолошког института САН, 5. Београд 1958, стр. 4—5; Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област. . ., стр. 223 и сл.

[34] Б. Панов, Општествено-политички прилики во Струмичката област. . ., стр. 228; истиот во „Историја на македонскиот народ", I. Скопје 1969, стр. 95—96.

[35] Сп. Б. Панов, Карактерот на дејноста на браќата Кирил и Методија во Македонија, стр. 384 и сл.

[36] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 264 (Приложения).

Брегалница се совпаѓа со управничката дејност на брат му Методија[37]. Дека Методија ја управувал „Склавинија", која за средиште ја имала Струмичката област, говорат и податоците од запишаното народно предание од Струмичкиот крај. Имено, преданието говори дека „Св. Методија цели 10 години им го проповедувал на Словените словото божие по „Бела река" што тече источно од Вељуса, на три четвртини час, минува низ с. Водоча и по горниот тек се вика „Бела река", а по долниот „Водочница"[38]. Дека Методија го управувал „словенското кнежевство" 10 години се вели и во Проложното житие[39], а и во Вистинската повест за Кирил и Методија[40]. Во Методиевото Панонско житие само се вели дека тој го управувал кнежевството лѣта многа[41]. Управничката дејност на Методија прекратила кон крајот на 855 година[42]. Овие хронолошки рамки за управничката дејност на Методија, донекаде овозможуваат да се определи времето кога Константин—Кирил ја вршел својата мисионерска работа по Брегалница. Секако, тоа било по 847 година, кога тој го завршил своето образование во Цариград[43]. На Брегалница Константин заминал, секако, по извршените должности како библиотекар во Патријаршијата и професор по филозофија на цариградскиот универзитет, зашто по стекнатата репутација како филозоф тој бил определен да влезе во дуел со патријархот Јоан Граматик[44]. Значи, брегалничката мисија најверојатно ја започнал Константин во почетокот на 50-те години и тоа пред сарацинската мисија. Во право се оние научници кои сметаат дека сарацинската мисија на Константин не почнала 850—851 година, кога тој имал 24 години, туку 855—856 година, кога имал 29. Во 855—856 година Византија склучила примирије со Арабите и тогаш била испратена мисија од Византија на чело со Константин—Кирил[45].

Во почетокот на 50-те години на IX век, кога на чело на бугарската држава дошол Борис (852—889), Бугарите ги засилиле нападите на византиските погранични области. Особено на удари било изложено Методиевото „словенско кнежевство". За да му помогне на својот постар брат, кој како управник имал големи тешкотии, зашто и со напишаниот „Воен судебник" (Закон суднијј људем) не успевал да ја заздрави дисциплината меѓу нерегуларната словенска војска[46], за да ги придобие македонските

[37] А. Гильфердинг, О Кирилле и Мефодие. . ., стр. 150; Е. Георгиев, Кирил и Методий, основоположници на славянските литератури, стр. 97 и сл.

[38] Г. Трайчевъ, Манастиритѣ въ Македония. София 1933, стр. 172.

[39] А. Теодоровъ—Баланъ, Кирилъ и Методи, II, стр. 38.

[40] Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 264 (Приложения).

[41] А. Теодоровъ—Баланъ, Кирилъ и Методи, I. София 1920, стр. 87.

[42] Сп.: К. М. Куев, Към въпроса за началото на славянската писменост, стр. 83—86 и посочената таму литература.

[43] За тоа дека Константин го заврши своето образование во 847 година, види: F. Grivec, Slovanska blagovestnika Sv. Ciril in Metod. Celje 1963, str. 18.

[44] А. Теодоровъ—Баланъ, Кирилъ и Методи, II, стр. 116.

[45] Подробно за тоа види: Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Философа—Ћирила, стр. 29—37.

[46] За тоа дека Методија го составил „Закон судний людем" во Македонија, кога стоел на чело на „славенското кнежество", и дека со помошта на овој „Воен судебник" се обидувал да ја зацврсти дисциплината кај нерегуларната славянска војска, види опстојно: С. Троицкий, Св. Мефодий как славянский законодатель. Богословские труды Московской патриархии. Сборник второй. Москва 1961, стр. 85—124.

Словени од Брегалничката област, на мисионерска работа бил испратен Константин Филозоф. Во неговото Кратко житие за тоа се вели: „Потоа (по победата над патријархот Ание) отиде (Кирил) на Брегалница и изврши таму неколку покрстувања на словенски јазик, и оние кои не беа покрстени, тој ги покрсти и ги приведе на православна вера. И им напиша книги на словенски јазик. Сите кои ги обрна на христијанска вера беа на број 4050"[47]. Исто така и податоците од „Солунската легенда" говорат дека Константин Филозоф престојувал „во градот Равен на реката Брегалница" и дека за тукашните Словени создал 35 букви[48]. Од своја страна, пак, вестите од овие два извора се доста блиски со оние од Црноризец Храбар, кој во делото „За буквите" известува дека Константин Филозоф, викан уште Кирил, азбуката ја создал и книгите ги превел заедно со братот си Методија во 6363 (т. е. 855 г.)[49]. Дека Методија како словенски управник го помагал својот помал брат во составувањето на словенската азбука и преведувањето на словенските книги, се вели и во Теофилактовото Пространо житие на Климент Охридски. Во него се вели дека Кирил и Методија „ја изнашле словенската азбука" и превеле книги од грчки на словенски јазик и се погрижиле да им ги предадат божјите знаења на поспособните свои ученици[50]. Кога на тоа се додадат и резултатите од проучувањата на проф. Сергеј Троицки, кој убедливо вели дека Методија како словенски кнез во Македонија го создал „Закон судниј људем" и тоа со грчки букви на словенски јазик[51], тогаш уште поуверлива станува тезата на оние научници кои се изјасниле дека словенската азбука Константин и Методија ја создале 855 година и тоа отпрвин за потребите на македонските Словени врз база на нивниот јазик[52], а дури потоа, пред моравската мисија, азбуката била поусовршена и прилагодена за потребите на Словените во Моравија, кога делото на Кирил и Методија добило општословенски карактер[53].

Брегалничката мисија на Константин Филозоф и управничката дејност на Методија биле прекинати кон средината на IX век од страна на Бугарите[54]. Изворните податоци говорат дека 852 година Борис не-

---

[47] А. Теодоровъ—Баланъ, Кирилъ и Методи, II, стр. 116.

[48] А. Теодоровъ—Баланъ, Кирилъ и Методи, II, стр. 111.

[49] А. Теодоровъ—Баланъ, Кирилъ и Методи, II, стр. 143—144.

[50] А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски. София 1966, стр. 80—81.

[51] С. Троицкий, Св. Мефодий как славянский законодатель, стр. 85—124.

[52] Такво гледиште прифатиле: А. Гильфердинг, О Кирилле и Мефодие. . ., стр. 150—177; Арх. Леонид, О родине и произхождении глаголицѣ и объ ея отношении къ кириллицѣ. Санпетербургъ 1891, стр. 34; од истиот, Архиепископия Первой Юстинияны Охридская и ея влияние на южных славянъ. Москва 1876, стр. 15; П. Знаменский, Рѣчъ на 6 апрѣля 1885 г., денъ тысящелетней памяти святого Мефодия славянского. Православный собесѣдникъ, изд. Казанской Духовной Академии. Апрѣлъ. Казанъ 1855, стр. 367—369; Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ, епископъ словенский, стр. 230 и сл.; Ив. Дуйчев, Въпросът за византийско-славянските отношения и византийските опити за създаване на славянската азбука през първата половина на IX век. Известия на ИБИ, 7. София 1957, стр. 265; Е. Георгиев, Делото на Кирил и Методий. . ., стр. 8—10.

[53] Б. Панов, Климент Охридски, стр. 36—37.

[54] Б. Панов, Карактерот на дејноста на браќата Кирил и Методија во Македонија, стр. 386—388.

пријателски се втурнал во областите северно од Солун[55], дека на реката Брегалница го примил „царството"[56] и дека ги натерал тивериополците (т. е. струмичаните) да се признаат „себеси за робови" и да ги исполнуваат неговите господарски наредби[57]. Борис продрел и од другата страна на Вардар и ги освоил охридско-деволските краишта[58]. Тој освоил и други места па затоа Теофилакт Охридски се изразил дека за време „царувањето на Бориса. . . не малку народи му се покориле"[59]. Како што гледаме, изворните податоци јасно говорат дека освен брегалничкиот крај и поголемиот дел од Струмичката област паднале под власта на Бугарите уште во почетокот на владеењето на Бориса[60].

По повлекувањето од Македонија, Методија заминал да живее заедно со „светите отци" на Олимп[61], а Константин Филозоф—Кирил бил испратен да изврши важна државна мисија кај Сарацините (Арабите[62]. Тоа, пак, говори, дека брегалничката мисија им претходила на другите две предморавски мисии.

---

55 Сп.: В. А. Бильбасовъ, Кириллъ и Методий. . ., ч. 2, стр. 4; Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ. . ., стр. 168.

56 Ив. Дуйчевъ, Стара българска книжнина, I. София 1943, стр. 157; сп. Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ. . ., стр. 232 бел. 1.

57 Сборникъ на БАН, Клонъ ист.-фил. и филоз.-общ., кн. XXVII. София 1931, стр. 263.

58 А. Милев, Гръцките жития на Климент Охридски, стр. 124—125.

59 Сборник на БАН, Клон ист.-фил. и филоз.-общ., XXVII, 1931, стр. 261.

60 Б. Панов, Карактерот на дејноста на браќата Кирил и Методија во Македонија, стр. 387—388; сп. и Н. Л. Туницкий, Св. Климентъ. . ., стр. 168.

61 А. Теодоровъ — Баланъ, Кирилъ и Методи, I, стр. 87; сп.: Ив. Малышевский, Олимпъ на которомъ жили Свв. Константинъ и Мефодий. Труды Киевской духовной академии, № 12, Декабръ. Киевъ 1886, стр. 549—584.

62 А. Теодоровъ—Баланъ, Кирилъ и Методи, I, стр. 36—41; сп.: Ю. Трифоновъ, Константинъ Философъ (Св. Кирилъ) като царски пратеникъ при сарацини и хазари. Сборникъ въ честъ на проф. Л. Милетичъ, София 1933, стр. 807—315; Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Филозофа — Ћирила, стр. 29—37.